РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕБРЦА
"ГРАДОНАЧАЛНИК"
Бр. 09-1144/2
23.05 2019 год.
ВЕЛЧИШТА

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Општина Дебрца, на ден __.05.2019 година, донесе:

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Урбанистички план за село Требеништа, општина Дебрца кој го донесува Совет на општина Дебрца потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ Урбанистички план за село Требеништа, општина Дебрца се определуваат следните: општина Дебрца, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за економија, Министерство за култура, ЕВН, Мепсо, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, комунални претпријатија.

3. За планскиот документ Урбанистички план за село Требеништа, општина Дебрца, за чија изработка е одговорен Иванов Инжинеринг од Битола, а го донесува Министерство за транспорт и врски, донесувањето на планскиот документ Урбанистички план за село Требеништа, општина Дебрца ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијание врз подземните и површинските води, влијание врз почвата, влијание по однос на генерирање на комунален и градежен отпад, влијание врз биодиверзитеот, влијание врз амбиентниот воздух и влијание од несреќи и хаварии.

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Дебрца на следната веб адреса/и: www.debrca.gov.mk

Бр.09 - 1144 / 2

од 23 .05 .2019 год.

Место, Општина Дебрца

**Градоначалник**
Зоран Ногачески